| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Пред Нова година“ |
| **Содржина на денот** | Музичко столче |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема како и зошто е потребно да се грижиме за нашето здравје, и да ги имплементираме сите хигиенски навики во секојдневието, со цел да останеме здрави и заштитени. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за Новата Година, доаѓањето на Дедо Мраз, подароците кои ќе ги донесе за децата. Можете да разгледате фотографии, апликации, и сликовници на темата.<br>Како вовед во активноста, направете вежби за раздвижување на детската мускулатура. Потоа, на детето објаснете му ги правилата на играта „музичко столче“, (потребно е учество на повеќе членови на семејството и простор да формирате круг со столчиња). Столчињата се редат во круг, и има едно столче помалку во однос на бројот на учесниците .На даден знак – пуштање песна, учесниците се движат околу столчињата,а кога песната ќе биде паузирана, секој од нив треба да седне на едно столче. Целта е да остане едно столче, а учесникот кој останува последен е победник. Играта е динамична , забавна и интересна за децата.<br>Активноста можете да ја продолжите со креативни изработки на лампиони од хартија, картон, стиропор и други материјали, кои детето по своја желба може ги декорира. |